Архивски знак: 0402-184/1
Рок на чување: 45 г
05.03. 2026 год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ "ДИМИТАР ВЛАХОВ" - ШТИП

| Примено: | 05.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 04 | 184/1 | / | / |

MKS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1564/3*
*05.03.2026 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 202/2024) и член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), Градоначалникот на Општина Штип на ден 05.03.2026 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ" ШТИП**

1. За вршител на должноста- Директор на ООУ„Димитар Влахов" -Штип, се именува:

**– Дејан Здравков, одделенски наставник**

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Димитар Влахов" Штип, а стапува на должност од 5 март 2026 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Димитар Влахов" Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ „Димитар Влахов" – Штип, со Решение број 09-1564/2 од 04.03.2026 година Градоначалникот на

**ОПШТИНА ШТИП**

Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ „Димитар Влахов“ - Штип.

Од редот на вработените во ООУ „Димитар Влахов“ – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште Дејан Здравков, на работно место одделенски наставник, се именува за вршител на должност Директор на ООУ „Димитар Влахов“ – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се' до именување на нов директор, а за тој временски период работното место му се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општината Штип**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Доставено до:*

- *Архива*
- *ООУ „Димитар Влахов“ – Штип*
- *Именуваниот*
- *Одделение за поддршка на Советот*

*Општина Штипул. „ВасилГлавинов“бр. 4Б,2000Штип, РепубликаСевернаМакедонија*
*ГрадоначалникТел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mke-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*